ПРОЕКТЕН БИЛТЕН

Скопје, август 2012

Целта на билтенот е накратко да ги презентира целите, активностите и резултатите од проектот.

Проект: Училишна Зелена Акција за Подобра Иднина

Граѓански здруженија кои го спроведоа проектот: Аналитика и Нансен Дијалог Центар

Проектен координатор: Ана Стојиловска, Аналитика astojilovska@analyticamk.org

Донатори: Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) со поддршка на Австриската развојна соработка (АДЦ), Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Времетраење на проектот: 15 ноември 2011 – 8 јуни 2012

Целна група: Целната група на проектот се ученици од I-V одделение во двете основни училишта "Рајко Жинзифов" – Скопје и "Шемшево"- Јегуновце и нивните наставници. Секундарна целна група се останатите ученици во двете училишта, родителите и државните службеници во општините Чаир и Јегуновце кои работат во областа на образованието.

Проектна цел: Целта на проектот е придонес кон подигнување на свеста помеѓу учениците од I-V одделение и поддршка за стекнување на еколошки навики со крајна цел придонес кон одржлив развој и развивање на поголема сензитивност кон животната средина од најрана возраст. Проектот беше тест за работната верзија на Зелен Пакет Јуниор со цел вклучување на повратни информации на учениците и наставниците пред негова дистрибуција до училиштата за користење. Конкретните цели на проектот се:

- Подигнување на свеста и стекнување на еколошки навики за учениците од I-V одделение во двете училишта преку одржување на практични часови надвор и во училница кои се поврзани со теми во Зелен Пакет Јуниор како и подготовка на ученици за користење на Зелен Пакет Јуниор;

- Подигнување на свеста за еколошки прашања помеѓу вклучените наставници, родители и други ученици во двете училишта;

- Добивање на повратна информација за применливоста на активностите во Зелен Пакет Јуниор од учениците од I-V одделение и наставниците;

РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА Македонија

financed by Austrian Development Cooperation

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

- Зајакнување на соработката помеѓу учениците, родителите, наставниците и граѓанските здруженија.

Зелен Пакет Јуниор е специјално дизајнирана алатка за едукација за еколошки прашања за ученици од I-V одделение со цел подигнување на свеста за одржлив развој во училиштата во Македонија. Ќе се користи како едукативен материјал во основните училишта од 2012/2013. Неговата работна верзија се користеше како основа за подготовка на часовите и активностите за овој проект со цел добивање на повратна информација од целната група. Пакетот е составен од 12 теми, при што секоја содржи компилација на игри, прашања и различни активности за ученици од најрана возраст.

Проектни активности и резултати:

- *Практични активости надвор и во училница вклучувајќи материјали и теми од Зелен Пакет Јуниор.* Беа одржани повеќе од 50 такви часови и беа изработени вкупно 9 теми од Пакетот. Наставниците и учениците беа обезбедени со материјали од Пакетот и други материјали со цел организирање и реализирање на часовите. Темите употребени од Зелен Пакет Јуниор се Поврзаност, Воздух, Вода, Почва, Енергја, Биолошка разновидност, Природни богатства, Потрошувачка и отпад и Здрав начин на живеење. Изборот на теми беше направен во соработка со наставниците во согласност со нивните работни програми и потребите и интересот на учениците. Избраните теми беа одлична можност за практична примена на стекнатото знаење базирано врз интерактивни и часови во природа. Во проектот активно учество со работа со материјали од Зелен Пакет Јуниор зедоа 34 наставници и 540 ученици. Наставниците кои зедоа учество дадоа опширни конкретни повратни информации за Пакетот, овозможувајќи подобра адаптација на неговата работна верзија. На крај активните наставници и двата директори на училиштата добија благодарници за нивниот значаен придонес во имплементацијата на проектот.

- *Теренски активности и екскурзии поврзани со теми од Зелен Пакет Јуниор.* Учениците, наставниците и родителите од двете училишта ја посетија Зоолошката градина, планината Водно и хидроцентралата Матка.

- *Средби со наставниците и директорите со цел дискутирање на проектот, избирање на темите и разјаснување на материјалите.* Се одржаа вкупно 5 состанока. Освен тоа, проектниот тим беше во постојана комуникација со наставниците преку телефон.

Имплементација на проектот во слики:



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Василка Тодоровска
Датум: 14 декември 2011
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Потрошувачка и отпад
Опис: Учениците изведуваат претстава



Училиште: Шемшево
Наставник: Оливера Димитриеска
Датум: 16 декември 2011
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Почва
Опис: Учениците ги тестираат карактеристиките на различните видови собрана почва



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Лумније Мустафа
Датум: 21 декември 2011
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Вода
Опис: Учениците преку цртање учат дека околу континентите има вода



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Снежана Миноска
Датум: 26 декекмври 2011
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Природни богатства
Опис: Учениците учат да ги разликуваат обновливите од необновлите извори енергија

РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Македонија

financed by
Austrian Development Cooperation

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ



Училиште: Шемшево
Наставник: Зарифе Мустафи
Датум: 28 декември 2011
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Вода
Опис: Учениците учат дека водата ја има во три агрегатни состојби од кои едната е тврда (лед)



Училиште: Шемшево
Наставник: Слободанка Ристоска
Датум: 30 јануари 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Почва
Опис: Слика од учениците, наставничката Слободанка Ристоска (прва од десно), проектниот координатор Ана Стојиловска (прва од лево) и РЕЦ координаторот Корнелија Радовановиќ



Училиште: Шемшево
Наставник: сите наставници од I-V одд
Датум: 23 декември 2011
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Биолошка разновидност
Опис: За време на посетата на Зоолошката во Скопје учениците се радуваат што ја гледаат кафеавата мечка



Училиште: Шемшево
Наставник: Линда Јашари
Датум: 28 декември 2011
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Потрошувачка и отпад
Опис: Учениците учат дека некој вид отпад може да повторно да се искористи за декоративни цели

РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Македонија

financed by
Austrian Development Cooperation

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Лидија Божиноска
Датум: 15 март 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Здрав начин на живеење
Опис: Наставничката Лидија Божиноска им објаснува на учениците како да ги пополнат прашањата за начинот на исхрана



Училиште: Шемшево
Наставник: Христина Јанчевска
Датум: 7 март 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Воздух
Опис: Наставничката Христина Јанчевска и покажува на една ученичка како да ја изведе вежбата за одредување на карактеристиките на воздухот



Училиште: Шемшево
Наставници: Татијана Чуприна и Ванѓа Јанкуловска
Датум: 11 април 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Потрошувачка и отпад
Опис: Слика со учениците, наставничките Татијана Чуприна (втора од лево,) Ванѓа Јанкуловска (трета од лево) и проектниот координатор Ана Стојиловска (прва од лево)



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Линдита Питарка
Датум: 23 април 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Здрав начин на живеење
Опис: Наставничката Линдита Питарка и помага на една ученичка во откривање на здрава храна преку пробување на слепо

financed by
Austrian Development Cooperation



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Линдита Мамути
Датум: 18 април 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Здрав начин на живеење
Опис: Директорот на училиштето Кадри Агуши и службеничка од општината Чаир го посетија часот



Училиште: Шемшево
Наставници: Убавка Стојановска и Наташа Кочоска
Датум: 23 април 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Ден на Планетата Земја
Опис: Учениците покажуваат вистински еколошки активизам со изведување на кампања за подигнување на свеста за спасување на планетата Земја



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Зорица Калајџиеска
Датум: 22 март 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Здрав начин на живеење
Опис: Учениците учат за здрава храна преку правење постери



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Ибадете Далоши
Датум: 24 април 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Потрошувачка и отпад
Опис: Наставничката Ибадете Далоши го објаснува загадувањето со пример на пластична кеса полна со издувни гасови од автомобил

РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Македонија

financed by
Austrian Development Cooperation

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Рефкије Шерифи
Датум: 18 април 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Вода
Опис: Заменик директорката (во ќошот) присуствува на час додека учениците учат за важноста и употребата на водата



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Небахат Рамадани
Датум: 23 мај 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Поврзаност
Опис: Наставничката Небахат Рамадани изведува експеримент



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставник: Благица Михајлова
Датум: 10 мај 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Биолошка разновидност
Опис: Учениците користат материјали од Зелен Пакет Јуниор за биолошка разновидност за да ги вежбаат природните синџири на исхрана



Училиште: Шемшево
Наставници: Зулфа Абази и Нуране Шаќири
Датум: 15 мај 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Потрошувачка и отпад
Опис: Наставничките Зулфа Абази (лево) и Нуране Шаќири (десно) ја мерат количината на отпад што учениците го собрале во училишниот двор

financed by
Austrian Development Cooperation



Училиште: Шемшево
Наставници: Верица Стојковска и Сања Златеска
Датум: 11 мај 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Потрошувачка и отпад
Опис: Учениците успешно рециклираа стара хартија



Училиште: Рајко Жинзифов
Наставници: дел од вклучените наставници
Датум: 4 јуни 2012
Тема од Зелен Пакет Јуниор: Вода
Опис: Учениците, дел од наставниците, родителите и проектниот координатор Ана Стојиловска (позади во средина) ја посетија хидроцентралата Матка



Училиште: Шемшево
Наставници: дел од вклучените наставници
Датум: мај 2012
Опис: Дел од наставниците во Шемшево, директорот Бурхан Еџупи (позади) и проектиот координатор Ана Стојиловска (десно, позади наставничката во првиот ред) го завршуваат успешното спроведување на проектот во ова училиште со групна фотографија



Училиште: Рајко Жинзифов
Датум: јуни 2012
Опис: Проектниот координатор Ана Стојиловска му врачува благодарница на директорот Кадри Агуши за успешното спроведување на проектот во ова училиште

РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Македонија

financed by
Austrian Development Cooperation

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Проектни резултати:

- Зголемено знаење и практични вештини за еколошки прашања кај целната група ученици;
- Зголемена еколошка свест и стекнати еколошки навики кај целната група ученици;
- Запознавање на целната група ученици и наставници со Зелен Пакет Јуниор;
- Добиени повратни информации од наставниците за Зелен Пакет Јуниор;
- Подобрена соработка помеѓу целната група ученици, наставници, родители и граѓански здруженија.

Дел од добиените повратни информации за работната верзија на Зелен Пакет Јуниор:

- Нивото на успех за активно вклучување на материјали од Зелен Пакет Јуниор зависи од мотивацијата и интересот на наставниците. Затоа се препорачува наставниците да се охрабрат да земат теми од Пакетот кои се потесно поврзани со нивниот моментален предмет на предавање. Освен тоа, во фазата пред формално воведување на Пакетот во училиштата, наставниците треба да бидат добро обучени за тоа;
- Зелен Пакет Јуниор обработува важни и корисни теми и е солиден дополнителен материјал за предметите кои ги учат учениците од I-V одд. Исто така го прави часот поинтересен и поинтерактивен;
- Најсоодветен е за ученици од IV и V одд.;
- Учениците кои зедоа учество на час на кој се користеа материјали од Зелен Пакет Јуниор, уживаа во часот и активно учествуваа.

Подготвено од: Ана Стојиловска

Ставовите во овој билтен се на граѓанските здруженија кои го спроведоа проектот, Аналитика и Нансен Дијалог Центар, и не мора да значи дека ги презентираат ставовите на донаторите.

РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Македонија

financed by
Austrian
Development Cooperation

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ